Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002),член 44 став 2 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19) и член 57 став 1 алинеа 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.18/07), Претседателот на Советот на Општина Берово донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 39-тата (триесет и деветата) седница на Советот на Општина Берово на ден 14.09.2020 година (понеделник), со почеток во 08:00 (осум) часот со следниот:

Д н е в е н р е д:

1. Предлог Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од IV-то до IX-то одделение во основното образование и за учениците од средното образование;
2. Предлог Одлука за финансирање на партиципација за посета на јавна установа за предучилишна возраст за деца Роми, како поддршка на Проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи – Детски градинки“;
3. Измена и дополнување на Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2020 година;
4. Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2020 година;
5. Одлука за Измена на Одлуката за утврдување на цените за изнајмување на користење на противпожарна опрема со која располага Територијалната против пожарна единица Берово;
6. Предлог Одлука за субвенционирање на 100 % од трошоците за стерилизација на 30 женки-кучиња на територијата на Општина Берово во текот на 2020 година;
7. П Р А В И Л Н И К за критериумите и постапката за субвенционирање на 100% од трошоците за стерилизација на 30 (триесет) женки-кучиња на територијата на Општина Берово;

8. Измена на ПРОГРМА (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2020 година;

9. Тримесечен финансиски извештај за работа за 2020 година на ЈПКР„Услуга“ Берово;

10. Шестмесечен финансиски извештај за работа за 2020 година на ЈПКР„Услуга“ Берово;

11. Полугодишен извештај за работа за 2020 година на ЈПКР „Услуга“ Берово;

12. Полугодишен извештај за прво полугодие од 2020 година, за работата на ОВР- Берово;

13. Годишен извештај за работата на ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ Берово за учебната 2019/2020 година;

14. Годишна Програма за работа на ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2020/2021 година;

15. Решение за измена на Р Е Ш Е Н И Е за избор на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности;

16. Решение за измена на Р Е Ш Е Н И Е за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;

17. Предлог Одлука за преотстапување на приклучна машина за чистење на канализација на ЈПКР "Услуга" Берово;

18. Советнички иницијативи и прашања;

19. Барања од институции и граѓани.

Бр.09-2863/1

07.09.2020 година

Б е р о в о

Совет на Општина Берово

Претседател

Јован Матеничарски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БЕРОВО